3.3

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Филозофски факултет**

Број: 04-1809/11
Датум: 08-11-2023 г.
СКОПЈЕ

*И - Образец 6*

Врз основа на член 110, член 160, член 162, член 164, член 165, член 170 и член 175 став 6 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018 и Сл. весник на РСМ 178/2021), член 325 од Статутот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје (Универзитетски гласник бр.425/2019), Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет на **XXV** редовна седница одржана на **8.XI 2023 год.**, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за избор во соработничко звање**

1. Се прифаќа рефератот на рецензионата комисија објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1293 од 15.X 2023 година за избор на **м-р Ангела Икономоска** во **асистент** во соработничко звање од наставно-научните области: Методика (50504) и Дидактика (50501).

2. Се избира **м-р Ангела Икономоска** во соработничко звање **асистент**, за следниве наставно-научни области: Методика (50504) и Дидактика (50501).

Со именуваниот ќе се склучи договор за работа со кој засновува работен однос за времето на кое е избран.

3. **м-р Ангела Икономоска** се избира во соработничко звање **асистент, за време од три години.**

4. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на Известувањето од Министерството за финансии на РСМ за обезбедени финансиски средства за вработување со арх. бр. 18-7118/2 од 15.06.2023 год. е распишан Конкурс за избор во наставно-научните звања по назначените наставно-научни области како во диспозитивот на одлуката, објавен во весниците „Слободен печат" и „Коха" од 16.VIII 2023 година, на кој се пријави: м-р Ангела Икономоска.

Во изготвениот Реферат од страна на рецензионата комисија објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1293 од 15.X 2023 година, беше предложена кандидатката м-р Ангела Икономоска за избор во наставно-научно звање асистент.

Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 8.XI 2023 година го разгледа и прифати рефератот и предлогот на Рецензионата комисија и донесе одлука како во диспозитивот на актот.

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуван/ата, досието, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделение за човечки ресурси и настава, Одделението за правни и општи работи и архивата на Факултетот.

**Д Е К А Н**
на Филозофскиот факултет

Проф. д-р Ратко Дуев

изработил: Ана Ј. Иванова